РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-369/6
12.08 2019 год.
СКОПЈЕ

КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Собранието на Комората на извршители на Република Северна Македонија, врз основа на чл. 76 од Законот за извршување ( „Службен весник на РМ“ бр.72 од 12.04.2016 година), на седница на Собрание одржана на ден 20.06.2016 година во Скопје донесе Статут на Комората, изменет и дополнет на седница на Вонредно Собрание одржана на ден 30.10.2017 година во Скопје, и изменет и дополнет на седница на Вонредно Собрание одржана на ден 25.06.2019 година, Претседателот на КИРСМ на ден 12.08.2019 година, го го донесе следниот

# СТАТУТ
# НА КОМОРАТА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**(пречистен текст)**

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Статут се утврдува: името на Комората, седиштето на Комората, печатот и штембилот, организацијата, надлежноста, составот, начинот на избор, правата и обврските на органите на управување, актите на Комората, средствата и фондовите на Комората, правата и обврските на извршителите, замениците на извршителите, помошниците на извршителите, приправниците кај извршителот во Комората, дисциплинската одговорност, членарината, вршењето на извршителската дејност, имениците на извршителите, замениците и помошниците,приправниците кај извршителот, стручна служба на Комората, како и други одредби од работењето на извршителите и Комората на извршители.

### Член 2

Извршителите и замениците извршители во Република Северна Македонија задолжително се здружуваат во Комора на извршители на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Комората) која дејствува на целата територија на Република Северна Македонија . Скратен назив на Комората е КИРСМ.

### Член 3

Седиштето на Комората е во Скопје. Комората има својство на правно лице.

### Член 4

Работното време на Комората за прием на пошта и работа со странки се утврдува со одлука Управниот одбор.

Работното време на Комората видно се истакнува пред влезот во просториите на Комората и на веб локацијата на Комората.

**Член 5**

Комората има свој заштитен знак-амблем (лого).

Формата и содржината на заштитниот знак ја утврдува Собранието на Комората, по предлог на Управниот одбор.

**Член 6**

Комората има свој печат и штембил.

Печатот има тркалезна форма со пречник од 4 см.

Во внатрешната страна на печатот во форма на полукруг испишан е следниот текст: "Република Северна Македонија ", потоа "Комора на извршители на Република Северна Македонија ". Во средината на печатот стои грбот на Република Северна Македонија . Под грбот на Република Северна Македонија наведено е седиштето "Скопје".

На самиот раб на печатот во форма на круг се исцртани две паралелни тенки линии.

**Член 7**

Штембилот на Комората има правоаголна форма со следната содржина:

"Ознака на грбот на Република Северна Македонија
Република Северна Македонија
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Празен простор за број и датум на актот
С к о п ј е"

Штембилот ги има следните димензии: должина 7 см, ширина 3.5 см.

**Член 8**

Комората за своите обврски одговара со сите свои средства.

**Член 9**

Комората ја претставува и застапува претседателот на Комората.

Правата и обврските на претседателот на Комората се утврдуваат во согласност со закон и одредбите на овој Статут, како и другите акти на Комората.

**Член 10**

Комората е членка на Меѓународната унија на извршители (UIHJ).

Комората со одлука на Управниот одбор може да се зачленува и во други здруженија од областа на правото и асоцијации на правници.

**Член 11**

Секој извршител, заменик и помошник извршител пред отпочнувањето со работа, задолжително се запишува во Имениците што ги води Комората.

Приправникот кај извршител задолжително мора да биде запишан во Именикот на приправници кај извршители кој го води Комората.

Во Комората може да членуваат и почесни членови.

II. ЦЕЛИ НА КОМОРАТА И НАЧИН НА НИВНО ОСТВАРУВАЊЕ

Член 12

Основни цели на Комората се:

- унапредување, координирање и развивање на извршителската служба во Република Северна Македонија , како служба која ја вршат лица со јавни овластувања, постапувајќи во согласност со Законот за извршување и подзаконските акти од оваа област, како и другата законска регулатива;
- заштита на самостојноста и независноста на извршителите во вршењето на служба;
- континуирано стручно оспособување на извршителите, замениците извршители и помошниците; извршители;
- остварување соработка на меѓународен план со национални комори и асоцијации на извршители и зачленување и активности на Комората во Меѓународната унија на извршители (UIHJ).

Комората особено се грижи и за:

- обезбедување услови за правилно, успешно и независно вршење на службата

Член 13

Своите цели Комората ги остварува преку:

- организирање редовни средби со претставници на Министерството за правда на Република Северна Македонија и претставниците на другите државни органи, судовите, институции, јавни регистри, субјекти на платниот промет и други субјекти со кои е поврзано функционирањето на извршителите;

- иницирање прашања и предлози во однос на законската и подзаконската регулатива до Министерството за правда кои се однесуваат на поефикасно вршење на извршувањата во Република Северна Македонија ;

-тековно следење за состојбите во извршувањето, изработка на анализи и годишни извештаи за работа на Комората,
- организирање семинари и предавања, во соработка со научните и стручни институции и здруженија од Република Северна Македонија и странство, на теми извршувањето и воопшто за функционирањето на правниот систем и владеењето на правото од интерес за службата. ;
- основање гласило на Комората во функција на информирање за активностите на Комората,и за вршењето на службата;
- осмислена и организирана соработка со јавните гласила, во функција на информирање на јавноста за извршителската служба и обезбедување транспарентност во работата на извршителите и остварувањето и заштитата на правата на доверителите, должниците и учесниците и третите лица во извршувањето.

**Член 14**

Своите цели Комората ги уредува и извршува во согласност со Уставот, законите, меѓународните договори ратификувани во согласност со закон, подзаконските прописи, одредбите од овој Статут и другите акти на Комората.

**Член 15**

Комората ги претставува и ги штити интересите на своите членови.

**Член 16**

Комората води електронски именици на извршители, заменици извршители, помошници на извршителите и приправниците кај извршителот.

**Член 17**

Комората има свои деловни книги кои ги води во електронски облик.

III. ОРГАНИ НА КОМОРАТА

**Член 18**

1) Органи на Комората се:

- Собрание,
- Управен одбор,
- Претседател на Комората,

- Дисциплинска комисија,

2) Собранието и Управниот одбор на Комората можат да формираат комисии и работни тела на Комората од постојан и од времен карактер. Комисиите и работните тела на Комората не се органи на Комората.

Со актот на основање и со правилникот за работа на соодветната комисија или работно тело се определуваат начинот на работа, составот, мандатот, надлежностите и одговорноста на комисиите и работните тела.

## 1. Собрание на Комората

**Член 19**

Собранието е највисок орган на Комората кој ги штити угледот и честа на вршењето на службата и се грижи извршителите да ги вршат своите овластувања совесно и во согласност со закон.

Собранието на Комората го сочинуваат сите извршители на територијата на Република Северна Македонија .

Собранието на Комората одржува редовна седница еднаш годишно и тоа во текот на месец февруари.

Собранието може по потреба да одржи и вонредна седница.

Член 20

Членовите на Собранието се известуваат за закажаната седница на Собранието најмалку 15 дена пред денот на нејзиното одржување, а во итни случаи може и во покус рок.

Вонредна седница на Собранието на Комората може да свика претседателот на Комората, а врз основа на одлука на Управенот одбор, или по писмено барање од најмалку 30 члена на Комората. Ако претседателот на Комората не ја свика седницата во рок од еден месец од денот на донесувањето на одлуката од Управниот одбор, односно од поднесувањето на писменото барање од членовите на Комората за свикување на седница, седницата ќе ја свика членот на Управниот одбор одреден од овој орган, односно членовите на Комората кои го поднеле барањето за свикување на вонредното Собрание.

**Член 21**

Начинот на свикување, работењето на Собранието, редот и дисциплината, утврдување на дневниот ред, како и начинот на одлучување се регулира со Деловникот за работа на Собранието.

**Член 22**

Собранието на Комората :

- донесува Статут и други акти на Комората;
- донесува Кодекс на професионалната етика на извршителите;
- донесува Правилник за дисциплинска одговорност и водење на дисциплинска постапка;
- донесува одлуки, заклучоци и препораки;
- избира Претседател на Комората;
- избира членови на Управниот одбор;
- избира членови на Дисциплинската комисија;
- избира Надзорен одбор;
- избира и други комисии и работни тела на Комората (постојани или времени);
- утврдува начин на комуникација со државните органи, банките, јавните претпријатија и други субјекти при прибирање на податоци за должникот;
- дава мислење до Министерот за правда по-предлог за Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работа на извршителите;
- разгледува предлози, барања и препораки за успешно работење на Комората и извршителите;
- ги усвојува годишната завршна сметка за изминатата година и предлогот на пресметката за наредната година, го разгледува и усвојува извештајот за севкупните активности, подготвен од претседателот на Комората;
- го усвојува Правилникот за форма на таблата за означување на службената просторија на извршителот по предлог на Управниот одбор на КИРСМ, Правилникот за работа на Комисија за внатрешна контрола за примена на Тарифа
и усвојува Правилникот за работа на Надзорниот одбор на КИРСМ по предлог на Управниот одбор на КИРСМ;
- одлучува за висината на членарината и начинот на нејзиното плаќање;
- одлучува за употребата на средствата добиени од наплата на паричните казни од дисциплинските постапки ;
- доделува Плакета за особени заслуги, по предлог на Управниот одбор и
- одлучува за сите други прашања предвидени со закон и Статутот на Комората.

**Член 23**

Претседателот на Комората, членовите на Управниот одбор, Дисциплинска комисија и комисиите и телата од постојан карактер што ги избира Собранието се бираат за време од три години со право на уште еден повторен избор.

Изборот на органите се врши со тајно гласање, во постапка што се утврдува со Деловникот за работа на Собранието.

Мандатот на членовите на другите комисии и тела од времен карактер што ги избира Собранието е уреден со актот за нивното формирање.

**Член 24**

Со Собранието раководи претседателот, а во случај на негова спреченост или отсутност со Собранието раководи потпретседателот, а во случај на спреченост на потпретседателот, најстариот член на Управниот одбор.

### Член 25

Собранието на Комората врши и други работи, врз основа на закон и други подзаконски акти кои спаѓаат во делокругот на прашањата поврзани со вршењето на службата.

## 2. Управен одбор

### Член 26

Управниот одбор е управен и извршен орган на Комората.

Бројот на членови на Управен одбор го одредува Собранието. Бројот на членовите на Управен одбор вклучувајќи го и Претседателот на Управен одбор е непарен.

Претседателот на Комората е и претседател на Управниот одбор.

Седниците на Управниот одбор ги свикува претседателот на Комората.

Член на Управен одбор на Комората за времетраење на својот мандат не може истовремено да биде член на друг орган на Комората.

Седница на Управниот одбор може да биде свикана и на барање на една третина членови од вкупниот број на Управниот одбор.

Управниот одбор полноважно може да одлучува ако на седницата присуствуваат повеќе од половина членови на Управниот одбор.

Управниот одбор своите одлуки ги донесува со мнозинство на гласови на присутните членови на седницата на Управниот одбор со јавно гласање.

За предлог на Статутот и негови измени, за годишната пресметка, за набавка на основни средства, Управниот одбор може да донесе полноважна одлука ако за неа гласале мнозинство од вкупниот број на членови на Управниот одбор.

Начинот на свикување, раководење, работење и одлучување на Управниот одбор се регулира со Деловникот за работа на Управниот одбор.

### Член 27

Управниот одбор ги има следните права и обврски:

- утврдува нацрт на статутот и другите акти на Комората;

- подготвува и доставува до министерството предлози и мислења што се однесуваат на основната поставеност на извршителите, како и по сите други прашања што се однесуваат на должноста извршител;

- презема и спроведува иницијативи за разгледување на прашања од интерес на извршителите, како што се прашањата за социјалната заштита на извршителите, основањето на солидарен фонд за економска помош на извршителите, како и фонд за помош на лица кои трајно се оспособуваат за самостојно вршење на дејноста и прашања за организирање на трајно осигурување на извршителите;

- формира Комисија за вршење надзор над работењето на извршителите со цел воедначено постапување на извршителите и правилна примена на тарифата и дава иницијатива за поведување на дисциплинска постапка;

- формира Комисија за спроведување на конкурсот за именување на извршители

- усвојува Програма за континуирана задолжителна едукација на извршителите и замениците на извршителите предложена од Комисијата за едукација и врши надзор на стручното оспособување на извршителите и издава уверенија за спроведено стручно оспособување, врз основа на потврда издадена од извршителот кај кого се врши оспособувањето;

- се грижи за статусот на извршителите и за односите кон други органи, и институции со цел за унапредување на извршителската должност;

- го организира континуираното стручно оспособување на извршителите со организирање семинари, предавања и други форми согласно со Програмата за едукација. Учеството на семинарите и предавањата е задолжително за извршителите, замениците на извршителите и помошниците на извршителите, а нивното неоправдано отсуство претставува дисциплинска повреда;

- води Именик на извршителите, замениците на извршители, помошниците на извршители, приправниците и волонтерите кај извршителите во електронска форма;

- ги подготвува седниците на Собранието на Комората;

- ги извршува одлуките на Собранието на Комората;

- составува предлог на годишен финансиски извештај за работата на Комората и предлог финансиски план за наредната година;

- се грижи за наплата на членарината и иницира постапка за присилна наплата на членарината;

- од своите членови избира потпретседател на Комората;

- избира Стручен совет од пет члена;

- врши надзор над работењето на извршителите и дава иницијатива за вршење на вонредна инспекција за поведување дисциплинска постапка;

- формира Комисија за континуирана едукација;
- формира Комисија за внатрешна контрола за примена на Тарифа;
- се грижи за статусот на извршителите и за односите кон други органи и воопшто кон трети лица;
- соработува со надлежните министерства и формира работни групи за подготовка на прописите кои се однесуваат, односно се поврзани со извршувањето;

- дава препораки и мислења со цел поуспешно спроведување на извршувањето и воедначување на праксата и ги усвојува правните мислења предложени од Стручниот совет на Комората ;

- ја утврдува и предлага предлог на пресметка за наредната година; ;
- редовно подготвува и доставува предлози и мислења до министерот за правда во врска со основната поставеност на службата, како и за други прашања кои се однесуваат на професијата извршител, а со цел за изнаоѓање на решенија за подобрување на состојбите.

- ги и подготвува актите на Комората кои ги носи Собранието

- подготвува предлози за основање на фондови, особено за: социјалната заштита, солидарноста, економска помош, за заеднички потреби, за усовршување, специјализација и други потреби;
- одлучува за купување и продажба на основни средства;
- одлучува за учество на семинари, конференции, работни седници и собранија на UIHJ надвор од земјата;
- за вработување на стручно-административни работници во Комората;
- за стручно усовршување во странство;
–за начинот на користење на средствата од фондовите ~~на Комората;~~

- одлучува за висината на коморска уписнина и начин на плаќање;

за начинот на употребата на средствата добиени од наплата на паричните казни;
- се грижи за обезбедување на законитоста и правилната примена на сите акти во Комората;

-презема мерки за заштита на имотот на Комората;

-предлага доделување на Плакета за особени заслуги;
- доделува Благодарница и Признание за успешна соработка на предлог на Претседателот на Комората

- го донесува Правилникот за висината и надоместокот на патните трошоци на членовите на органите и комисиите на Комората на извршители на РСМ;

- го донесува Правилникот за работа на Комисија за вршење надзор над работењето на извршителите и правилна примена на Тарифа

- донесува Правилник за систематизација на работни места во стручната служба на Комората на извршители на РСМ.

-го предлага нацрт Правилникот за работа на Надзорниот одбор на КИРСМ;

- го избира главниот и одговорен уредник и го утврдува периодот на издавањето како и начинот на финансирање на издавањето на гласилото на Комората;
- одлучува и за други прашања кои со закон или со овој Статут се ставени во негова надлежност, како и за оние прашања кои се од интерес за Комората и извршувањето, а не се определени во надлежност на било кој друг орган.

**Член 28**

1) Собранието може да разреши член или целиот Управен одбор и пред истекот на мандатот и тоа ако:

- не се состане во рок од 30 дена од денот на изборот ;
- работи спротивно на Законот, Статутот и другите акти на Комората;
- причини штета на Комората или нејзин член;
- не ги извршува своите своите обврски кои е должен да ги врши согласно законот за извршување, подзаконските акти и овој статут;
- не ги извршува одлуките на Собранието односно ги извршува неблаговремено;
- не составува предлог годишна пресметка и предлог пресметка за наредната година

- не изготвува и не предлага Програма за континуирана едукација на извршителите и не го организира континуираното стручно оспособување на извршителите;
- не се грижи за уредна наплата на членарината.

2) Собранието може разреши член на Управен одбор и пред истекот на мандатот и тоа ако:

- не ги врши своите должности во Управниот одбор како негов член или ги врши неблаговремено;
-–не подготвува и не поднесува извештаи до Управниот одбор за состаноци, средби, учество на семинари, конференции, работни тела во склоп на министерства и органи а во кои земал учество како член на Управен одбор и ја застапувал Комората на извршители;
- неоправдано не присуствува на работни состаноци, средби, семинари, конференции и други настани на кои од страна на Управниот одбор односно Претседателот на Комората на извршители бил определен да земе учество како член на Управен одбор и да ја застапува Комората на извршители;

3) На член на Управниот одбор на кој му е изречена дисциплинска мерка за сторена дисциплинска повреда нема право да биде биран во органите на Комората во рок од една година од денот на изрекувањето на дисциплинската мерка.
Член на Управниот одбор кој со правосилна одлука е осуден на безусловна казна затвор над шест месеца, или му е изречена казна забрана за вршење на професијата извршител, со судска одлука му биде одземена или ограничена деловната способност, или со одлука на Дисциплинска комисија му е изречена дисциплинска мерка трајно одземање на правото на вршење должност извршител за сторена дисциплинска повреда му престанува мандатот на денот на неговото бришење од Именикот на извршителите кој го води Комората на извршители.

4) Член на Управен одбор може да побара Собранието да го ослободи од овластувањата на член на Управен одбор доколку од оправдани причини е спречен навремено да ги извршува своите должности на член на Управен одбор. Барањето се поднесува до Управниот одбор, кој во случај на оправданост на причините, му предлага на Собранието да го ослободи од должноста членот на Управен одбор.

### 3. Претседател на Комората

### Член 29

Претседателот на Комората ги има следните права и обврски:

- ја претставува и застапува Комората.

- се грижи и одговара Комората да дејствува во согласност со закон;

-издава потврда за приправнички и волонтерски стаж врз основа на евиденцијата од Имениците на приправници и волонтери, како и други потврди од евиденциите што ги води Комората;

-се грижи и одговара за овозможување на надзор над Комората и за точноста на податоците и списите при надзорот, како и за превземање на мерки за отстранување на недостатоците констатирани со надзорот во роковите определени од страна на Министерството;

- ги решава конфликтите помеѓу извршителите, или меѓу извршителите и нивните странки кои се однесуваат на примената на овој закон;
- ги закажува седниците на Собранието и Управниот одбор;
- ги спроведува одлуките на Собранието, освен оние одлуки за кои е надлежен Управниот одбор;
-ги спроведува одлуките на Управниот одбор;
- ги извршува одлуките на Дисциплинската комисија;
- ги потпишува записниците и одлуките на Собранието и Управниот одбор;
- ги потпишува општите акти на Комората и се грижи за нивно извршување;
- ги потпишува патните налози за патување во земјата и во странство;
- ја организира и координира стручната служба на Комората;
- се грижи работењето на Комората да се врши според законските прописи, Статутот и другите акти на Комората;
- подготвува Годишен извештај за севкупните активности на Комората особено вклучувајќи го работењето на Претседателот, Управниот одбор и други органи и го доставува до Собранието на Комората на неговата редовна годишна седница ;
- се грижи за заштита на угледот на Комората, извршителите и извршителската служба воопшто;
- донесува решенија, наредби, упатства и налози и тоа особено за спроведување на одлуките на Собранието, Управниот одбор, Дисциплинската комисија, како и решенијата на министерот за правда или претседател на основниот суд;
- му предлага на Управниот одбор доделување на Благодарница и Признание за успешна соработка и Плакета за успешно извршување на извршителската служба.

- го предлага Правилникот за работа на Комисија за внатрешна контрола за примена на Тарифа;

- го предлага Правилникот за систематизација на работни места во стручната служба на Комората на извршители на РСМ;

- донесува решенија за упис во имениците на извршителите, замениците, помошниците и приправниците кои ги води Комората ;

- ги предлага членовите на Комисијата за спроведува на конкурсот за именување на извршители

- ги избира членовите предложени од Правните факултети од акредитираните универзитети во Република Северна Македонија ;

- дава мислење за констатирање за исполнување на услови на работните простории и опремата на извршителот согласно Правилникот за видот на опремата и просторот потребни за вршење службата ;

-носи решение за определување на ден со почеток на работа на извршител и спроведува негова објава во Службен весник на РСМ;

-носи решение за овластување на извршителот кој со решение на министерот за правда е именуван да ги преземе и продолжи со работа по предметите на извршителот чија служба престанала за располагање со посебната сметка на извршителот чија служба престанала;

- раководи со Комисија во состав од претседателот, еден член од редот на Управниот одбор, заменикот на извршителот чија служба престанала и Секретарот на Комората со цел спроведување на постапка за попис и прием на списите, предметите, книгите и евиденцијата на извршителот чија служба престанала и нивно примоoредавање на извршителот кој со решение на министерот за правда е именуван да ги преземе и продолжи со работа по предметите на извршителот чија служба престанала и
- врши и други работи што му се ставени во надлежност со закон, подзаконски акти, овој Статут и другите општи акти на Комората.

Во случај на спреченост на претседателот неговите должности ги врши потпретседателот на Комората. Во случај на спреченост и на потпретседателот, должноста ја врши најстариот член на Управниот одбор.

Претседателот на Комората за времетраење на својот мандат не може истовремено да биде член на другите органи на Комората освен на оние во кои членува по основ на закон.

**Член 30**

Претседателот на Комората може да биде разрешен од должноста претседател, од страна на Собранието на Комората ако:

- не работи во согласност со законските прописи, не ги почитува одредбите на овој Статут, одлуките на Собранието и Управниот одбор, Дисциплинската комисија и истите не ги спроведува или ненавремено ги спроведува;

- со своето работење како претседател, причини материјална штета на Комората или нејзин член;

- не ги извршува одлуките на Дисциплинската комисија;
- не доставува до Собранието годишен извештај за севкупните активности на Комората на редовната годишна седница односно истиот го доставува неблаговремено;

На Претседателот му престанува мандатот на денот на неговото бришење од Именикот на извршителите кој го води Комората на извршители, ако со правосилна судска одлука биде осуден за кривично дело на безусловна казна затвор над шест месеци, или му е изречена казна забрана за вршење на професијата извршител, со

судска одлука му биде одземена или ограничена деловната способност, или од страна на Дисциплинската комисија му биде изречена дисциплинска мерка трајно одземање на правото на вршење на службата извршител.

Во случај на изречена привремена забрана за вршење на службата, суспензија од страна на Дисциплинската комисија на извршителот кој е претседател на Комората, му мирува мандатот и истиот не смее да учествува во работата на Комората ниту да ја застапува Комората, а потпретседателот за времетраење на суспензијата ја врши должноста претседател на Комората. По отповикување на изречената суспензијата, во случај на утврдена основаност на причините кои ја иницирале, потпретседателот е должен во рок од 15 дена од денот на донесување на решението за отповикување на привремената забрана за вршење на службата-суспензија да свика вонредна седница на Собрание со цел разрешување на претседателот и избор на нов претседател на Комората.

Иницијатива за разрешување од должноста претседател на Комората може да биде дадена од Надзорниот одбор, од најмалку тројца членови од Управниот одбор, или од најмалку една третина членови на Собранието на Комората.

Предлог по иницијативата за разрешување на претседателот на Комората утврдува Управниот одбор, а одлуката за разрешување ја донесува Собранието на Комората најдоцна во рок од 15 дена Одлуката се донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број на запишани извршители во именикот кои отпочнале со работа.

### 4. Дисциплинска комисија

#### Член 31

Дисциплинската комисија е составена од пет члена од кои два члена се од редот на судиите по предлог на Судскиот совет на Република Северна Македонија , еден член по предлог на Советот на јавни обвинители и два члена од Комората.

Членовите на Дисциплинската комисија имаат заменици.

Членовите на Дисциплинската комисија и нивните заменици ги избира Собранието на Комората и тоа членовите од редот на Комората на предлог на извршителите, а членовите од редот на судиите и нивните заменици на писмен предлог од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија и еден член и негов заменик на писмен предлог на Советот на јавни обвинители, со мнозинство на гласови од присутните со тајно гласање.Мандатот на претсесателот и членовите и нивните заменици, трае три години со право на уште еден повторен избор. Начинот на предлагање и спроведување на гласањето ќе се уреди со Деловникот за работа на Собранието.

Дисциплинската комисија на својот прв состанок ќе избере Претседател од редот на извршителите, членови на комисијата и Заменик претседател на дисциплинската комисија.

#### Член 32

Дисциплинската комисија ја спроведува дисциплинската постапка, по предлог од овластен подносител.

**Член 33**

Правата и надлежностите, водењето на постапката, како и донесувањето на одлука се регулираат со Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка.

**Член 34**

Претседателот на КИРСМ има право на надоместок.

Висината на надоместокот, со одлука ја утврдува УО на КИРСМ.

Изборот на Претседателот на КИРСМ, членови на Управен одбор, членови на Дисциплинска комисија, членовите на Надзорниот одбор се уредува со Деловникот за работа на собранието.

Членовите на Комисиите и работните тела имаат право на надоместок за патни трошоци.

## IV. Комисии и работни тела на Комората

### 1. Стручен совет

**Член 35**

Стручниот совет е стручно тело на Комората. Стручниот совет го избира Управниот одбор на Комората. Стручниот совет го сочинуваат пет члена.

Правилата за работа и условите за избор на членовите на стручниот совет се уредуваат со правилник на работа на Стручниот совет што го донесува УО на КИРСМ.

### 2. Надзорен одбор на Комората

**Член 36**

Надзорниот одбор на Комората го сочинуваат претседател и двајца членови, што ги избира Собранието на Комората од редот на своите членови. Надзорниот одбор е комисија со постојан карактер . Членовите на Надзорниот одбор на Комората не можат истовремено да бидат членови на органи на Комората односно на друга комисија на Комората, освен во оние тела во кои се членови според закон.

**Член 37**

Надзорниот одбор ја следи примената на одредбите на овој Статут и другите општи акти на Комората, од страна на органите и телата на Комората.

Правилата за работата на Надзорниот одбор се утврдуваат со Правилник за работа на Надзорниот одбор кој го донесува Собранието на Комората по предлог на Управниот одбор на Комората.

**Член 38**

Надзорниот одбор го проверува материјалното и финансиското работење на Комората, како и начинот на користење на средствата на Комората.

**Член 39**

Сите органи и тела на Комората се должни да му обезбедат услови за работа на Надзорниот одбор, во врска со вршењето на надзорот.

**Член 40**

Надзорниот одбор е должен да поднесува до Собранието на Комората извештај за својата работа, за примената на Статутот и другите општи акти на Комората, како и за материјалното и финансиско работење на Комората, најмалку еднаш годишно, при усвојувањето на извештаите и програмите за работа за претходната година и завршната сметка на Комората на редовната годишна седница на Собранието.

**Член 41**

Седницата на Надзорниот одбор ја свикува и раководи претседателот на Надзорниот одбор.

За контрола, спроведен надзор или одржана седница се води записник. Записникот го потпишуваат сите членови на Надзорниот одбор.

Надзорниот одбор спроведува редовен надзор над работата на Комората најмалку еднаш годишно при што го проверува материјалното и финансиското работење на Комората, како и начинот на користење на средствата на Комората од страна на органите и телата на Комората. За денот на надзорот се известува Претседателот на Комората на извршители три дена пред датумот на надзор во Комората.

Управниот одбор е должен да доставува до Надзорниот одбор финансиски извештај за работата на Комората на секои три месеци. Надзорниот одбор е должен да му укаже на Управниот одбор за утврдени недостатоци врз основа на финансискиот извештај и да даде препораки за нивно отстранување.

Управниот одбор е должен да ја достави предлог завршната сметка ( годишната пресметка) за претходната година до Надзорниот одбор најмалку 10 дена пред денот на одржување на седницата на редовното годишното Собрание на Комората.

Надзорниот одбор е овластен да спроведе вонреден надзор над работата на Комората со цел следење на примената на одредбите на овој Статут и другите општи акти на Комората, од страна на органите и комисиите на Комората врз основа на одлука на претседателот на Надзорниот одбор или по иницијатива на најмалку 5 членови на Собранието на Комората.

Надзорниот одбор е овластен да спроведе попис над основните средства на Комората во случај Управниот одбор да не го спровде пописот и за истото Надзорниот одбор ќе го извести Собранието на редовната годишна седница.

Надзорниот одбор е овластен да дава предлози за висината и за начинот на наплата на членарина, наплата на средства фондови на извршителите, начинот на трошење на средствата од членарина и начинот на употреба на средствата од парични казни како и да дава предлози за барање донации од надлежни институции и го следи начинот нивно располагање од страна на Комората како и начинот на располагање на Комората со основните средства во сопственост на Комората Надзорниот одбор може да презема и доставува до Управниот одбор иницијативи за набавка на основни средства на Комората како и иницијативи за отпис на основни средства на Комората согласно констатираното од спроведениот попис во Комората.

Надзорниот одбор има право на увид во изводите од трансакциските сметки на Комората при спроведување на надзор над финансиското работење на Комората.

Член 42

Надзорниот одбор, покрај наведените работи во овој Статут, може да врши и други работи што ќе му ги стави во надлежност Собранието на Комората

### 3. Комисија за вршење надзор над работењето на извршителите и правилна примена на тарифата

Член 43

Комисијата за вршење надзор над работењето на извршителите и правилна примена на тарифата ја фоРСМира Управниот одбор со цел воедначена примена на Тарифата за награда и надомест на други трошоци за работата на извршителите.

Комисијата за вршење надзор над работењето на извршителите и правилна примена на Тарифата е составена од три члена кои ги избира Управниот одбор, два члена на Комисијата се постојани, а третиот член е извршител од подрачјето кај што се врши контролата. Мандатот на членовите на комисијата е 3 години Комисијата за вршење надзор над работењето на извршителите и правилна примена на тарифата ја спроведува контролата со увид во предметите во канцеларијата на извршителот.

Комисијата за вршење надзор над работењето на извршителите и правилна примена на Тарифата во рок од 15 дена од изборот е должна да донесе годишен план за контрола на канцеларии на извршители при што задолжително треба да се опфатени најмалку една третина од канцелариите на извршителите. Годишниот план за вршење надзор над работењето на извршителите и правилна примена на тарифата во извршителските канцеларии со временска рамка за спроведување на контролите од страна на Комисијата се доставува преку Стручната служба на Комората до сите извршители во рок од 15 дена од денот на неговото донесување.

Комисијата за вршење надзор над работењето на извршителите и правилна примена на тарифата може да спроведе и вонредна контрола врз основа на писмени сознанија од претставки од странки доставени до Комората како и врз основа на одлука на УО за вонредна контрола.

Комисијата за вршење надзор над работењето на извршителите и правилна примена на тарифата е овластена да поднесе иницијатива до Претседателот заради поднесување предлог за дисциплинска постапка поради дисциплинска повреда сторена со неправилна примена на Тарифата. Комисијата за вршење надзор над работењето на извршителите и правилна примена на тарифата доставува до Управниот одбор тримесечни извештаи за констатираните состојби од спроведените надзори за примена на тарифата. Правилата за работата на Комисијата за внатрешна контрола се утврдуваат со Правилник за работа на Комисијата за внатрешна контрола кој го донесува Собранието на Комората по предлог на Управниот одбор на КИРСМ.

## 4. Комисија за спроведување на постапка за именување на извршител

Член 44

Конкурсот за именување на извршители го распишува Министерството, а го спроведува Комората на извршители на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Комората), која за таа цел формира комисија составена од пет члена од кои два члена од Комората, еден член од Судскиот совет на Република Северна Македонија , еден член од Академијата за судии и јавни обвинители, еден универзитетски професор од правните факултети акредитирани во Република Северна Македонија При формирање на комисијата Комората води сметка за примена на начелотот за соодветна и правична застапеност.

Член 45

Комисијата ја избира Управниот одбор со времетраење на мандатот од 3 години, со право на уште еден повторен избор. Постапката за работата на членовите на Комисијата за спроведување на конкурсот за именување на извршители се уредува со посебен Правилник кој што го донесува Собранието на КИРСМ.

**Член 46**

Собранието на Комората и Управниот одбор, можат да формираат и други комисии и работни тела (постојани или времени), во зависност од потребите на Комората.

Правата и обврските на комисиите и работните тела, се регулираат со актот на основање.

По исклучок на претходниот став, органот кој ја формира комисијата или работното тело може да одлучи правата и надлежностите да се регулираат со посебен општ акт.

## V. ИЗБОР И ОТПОВИКУВАЊЕ НА ОРГАНИТЕ НА КОМОРАТА

### Член 47

Органите на Комората ги избира и ги отповикува Собранието на Комората.

### Член 48

За изборот на претседател на Комората, членовите на Управниот одбор, Дисциплинската комисија, се гласа тајно. За другите органи, комисии и тела гласањето е јавно.

### Член 49

Сите извршители имаат право да предлагаат и да бидат предложени во органите на управување на Комората.

Гласањето се врши на гласачки ливчиња, кои се подготвуваат по утврдување на кандидатурата на кандидатите за кои ќе се гласа.

Упатството за гласање се дава на самото гласачко ливче.

### Член 50

**„ Изборот на Претседател на КИРСМ се врши во рок не покус од 60 дена и не подолг од 90 дена, пред истекот на мандатот на Претседателот на Комората -редовна постапка за избор.**
**Управниот одбор на Комората е должен да го закаже редовниот избор со определување на времето и местото каде ќе се одржи изборот, најмалку 30 дена пред денот на одржување на изборот, а одлуката на УО на КИРСМ за свикување собрание на кое ќе се одржат изборите се доставува по електронски пат до секој извршител.**
**Ако Управниот одбор на КИРСМ не го закаже редовниот избор за Претседател, изборот ќе се одржи во рок не покус од 60 дена а не подолг 90 дена пред истекот на мандатот на Претседателот, на седница на Вонредно собрание на КИРСМ, во Скопје.**
**Кандидирањето за Претседател се врши по писмен пат со доставување на кандидатура до Комората, поддржана од најмалку 5 (пет) извршители, заедно со согласноста за извршување на должност од кандидатот.**

Предлагањето на кандидати за Претседател се врши во рок од 15 дена од денот на објавување на изборот.
Доколку постапката за избор за Претседател се одржува пред истекот на мандатот на Претседателот, тогаш кандидирањето се врши во рок од најмалку 15 дена пред денот на одржување на вонредните избори.
Секој кандидат за Претседател е должен да достави до Комората програма според која што ќе работи доколку биде избран за Претседател на Комората.
Секој кандидат е должен усно, пред Собранието да ја образложи својата програма за Претседател.
За претседател се смета избран оној кандидат кој добил мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Собранието.
Ако ниту еден од кандидатите не добие мнозинство гласови од вкупниот број на извршители во прв круг на гласање, се спроведува втор круг на гласање во кој влегуваат двајца кандидати кои добиле најмногу гласови.
За Претседател на Комората се смета дека е избран оној кандидат за кој гласале мнозинство од членовите на Собранието. "

Член 51

Изборот на член на Управен одбор на КИРСМ, односно член на Дисциплинска комисија на КИРСМ, се врши во рок не покус од 60 дена и не подолг од 90 дена пред истекот на мандатот - редовна постапка за избор.
Управниот одбор на Комората е должен да го закаже редовниот избор со определување на времето и местото каде ќе се одржи изборот, најмалку 10 дена пред денот на одржување на изборот, а одлуката на УО на КИРСМ за свикување седница на собрание на кое ќе се одржат изборите се доставува по електронски пат до секој извршител.
Ако Управниот одбор на КИРСМ не го закаже редовниот избор за член на Управен одбор односно Дисциплинска комисија на Комората , изборот ќе се одржи во рок не покус од 60 дена и не подолг од 90 дена пред истекот на мандатот, на седница на Вонредно собрание на КИРСМ, во Скопје.
За член на Управен одбор на КИРСМ, член на Дисциплинска комисија на КИРСМ се смета дека е избран оној кандидат кој што добил мнозинство од гласовите од присутните членови на Собранието.
Доколку во првиот круг на гласање, ниту еден од предложените кандидати не добие мнозинство гласови, се спроведува втор круг на гласање, во кој влегуваат двајцата кандидати кои добиле најмногу гласови, а се смета за избран кандидатот што добил мнозинство од гласовите од присутните членови на Собранието.
При изборот на членови на Управен одбор на КИРСМ се води сметка за пропорционална и територијална застапеност на извршителите од сите подрачја на апелационите судови во РМ.
Од кандидатската листа за подрачјето на Апелациониот суд Скопје се гласа за најмалку тројца кандидати, од кандидатската листа за подрачјето на Апелациониот суд Штип се гласа за најмалку еден кандидат, од кандидатската листа за подрачјето на Апелациониот суд Битола се гласа за најмалку еден кандидат, од кандидатската листа за подрачјето на Апелациониот суд Гостивар се гласа за најмалку еден кандидат за член на УО на КИРСМ.

**Со одлука на Собранието се определува бројот на членови на УО на КИРСМ, кој мора да биде непарен.**
**Доколку на член на УО на КИРСМ односно член на ДК на КИРСМ му престане должноста пред истекот на мандатот, Управниот одбор ќе ја започне постапката за вонреден избор веднаш по престанокот на должноста.**
**Доколку на мнозинство членови на УО на КИРСМ им престане должноста пред истек на мандатот, Собранието ќе ја започне постапката за вонреден избор веднаш по престанокот на должноста.**

**Изборна комисија**

**Член 52**

Изборите ги спроведува Изборна комисија составена од 3 члена.

Изборната комисија ја избира Собранието на предлог на претседателот на Комората.

Изборната комисија се грижи за законитоста на изборната постапка, ги обезбедува и подготвува гласачки ливчиња, за сите органи што се избираат и обезбедува гласачки кутии.

Со Изборната комисија раководи претседател на комисијата и во нејзино име поднесува извештај на Собранието.

По завршеното гласање, Изборната комисија ги пребројува гласачките ливчиња, утврдува дали има неважечки ливчиња и колкав е нивниот број, и ги утврдува резултатите од гласањето.

За време на спроведување на изборите, како и за време на утврдување на резултатите од гласањето, Изборната комисија води записник.

По утврдувањето на резултатите од гласањето, Изборната комисија поднесува извештај пред Собранието.

Врз основа на резултатите од гласањето, Собранието донесува одлуки за избор или за поништување и за повторување на гласањето.

## VI. ЈАВНОСТ НА РАБОТАТА НА ОРГАНИТЕ НА КОМОРАТА

**Член 53**

Работата на органите на Комората за своите членови е јавна.

Јавноста на работата на органите на Комората се остварува со присуство на седници на органите на Комората на заинтересираните извршители и заменици

Органите на Комората се должни навремено да ги информираат членовите на Комората за својата работа со доставување на записници од седниците и извештаи од работењето на телата и комисиите.

Врз основа на одлука на Управниот одбор или по овластување на Претседателот на Комората на извршители, дел од поважните одлуки, заклучоци и актите на Комората се објавуваат на веб локацијата на Комората, во средствата за информирање, во Службениот весник на Република Северна Македонија , во информативното гласило на Комората на извршителите или на друг начин.

Претседателот на Комората на извршители ,и по негово овластување членови на органи на Комората, се надлежни да даваат соопштенија и изјави во средствата за јавно информирање во врска со ставовите на Комората околу актуелни прашања поврзани со работата на извршителите, активностите на КИРСМ, работата и одлуките на органите и комисиите на КИРСМ.

**Информативно гласило-на Комората на извршителите**

**Член 54**

Комората на извршители издава свое стручно и информативно гласило.

Главниот и одговорен уредник, периодот на издавањето како и начинот на финансирање на издавањето на гласилото, ги одредува Управниот одбор на Комората.

Главниот и одговорен уредник на гласилото на Комората се избира од редот на членовите на Комората.

Управниот одбор на Комората со одлука може да ангажира професионален новинар поради стручна помош на главниот и одговорниот уредник при уредување на рубриките. Управниот одбор може да склучи авторски договори со истакнати правници со цел издавање на нивни стручни написи во гласилото од областа на извршно право и граѓанско правни области поврзани со извршувањето.

**Информации, евиденција на податоци и заземени ставови на Комората**

**Член 55**

Управниот одбор на Комората, е надлежен да обезбеди еднообразна примена на законските прописи и усогласена практика на работењето на извршителите.

Управниот одбор е должен на првата седница од својот мандат да назначи член на УО кој ќе биде одговорен за информациите и евиденцијата на податоци на Комората како и Регистар на заземени ставови од страна на Собранието на Комората, Управниот одбор и Стручниот совет, и за обработка и евиденции на податоци од заедничко значење на дејност на извршителите заради единствена и еднообразна примена на законите, подзаконските акти и актите на Комората. Генералниот секретар на Комората е надлежен

да му пружа стручна и техничка помош на членот на УО одговорен за информациите, евиденцијата на податоци на Комората и Регистар на заземени ставови.

Членот на Управниот одбор одговорен за информациите и евиденција на податоци и заземени ставови го координира протокот на информации од Комората кон извршителите и се грижи за ажурно известување на членовите на Комората за измени на законски одредби, нови закони и подзаконски акти како и за одлуки од судската пракса поврзани со извршувањето.

Членот на УО одговорен за информациите и евиденцијата на податоци го известува Управниот одбор за било какви промени на закони и подзаконски акти , како и за предлог измени и предлог закони кои се во фаза на подготовка, а кои можат да имаат било какво влијание врз Комората, статутот на извршителите и спроведувањето на извршувањето . Членот на УО одговорен за информациите и евиденцијата на податоци и заземени ставови се грижи за примените барања мислења, за донесување закони и измени на закони и други прописи и подготвува и предлага на УО нацрт предлог мислење по барањето.

Членот на Управниот одбор одговорен за информациите и евиденција и заземените ставови на Комората, врз основа на своите сознанија му предлага на Управниот одбор активности во сферата на статистичка обработка на податоци на Комората, предлага набавка на билтени, збирки на начелни ставови, коментари на закони и друга стручна литература за потребата на Комората.

Членот на УО одговорен за информациите, евиденцијата на податоци и заземените ставови на Комората е овластен за време на својот мандат да дава соопштенија во медиумите од име на Комората врз основа на официјалните ставови и евиденцијата и статистичките податоци на Комората на извршители.

Предмет на обработка и евиденција се податоци кои не претставуваат службена, односно деловна тајна односно не претставуваат лични податоци. Секој извршител е должен да ги достави бараните податоци на барање на Комората.

Податоците во Комората кои се поврзани со прекршочна, управна, кривична односно дисциплинска постапка против извршител претставуваат службена тајна и обврската за чување на тајност важи за членовите органите и комисиите на Комората и за вработените во Комората.

Во случај на неовластено изнесување на информации дознаени во врска со постапка пред суд или во управна, прекршочна или дисциплинска постапка што се води против извршител, лицата со обврска за чување на тајност на овие постапки одговараат како за кривично дело повреда на тајноста на постапката член 369 од Кривичниот законик.

Управниот одбор е должен да ја отповика одлуката за назначување на членот на УО и да назначи друг член на УО одговорен за регистар на заземени ставови и за обработка и евиденција на податоци од заедничко значење на службата на извршителите во случај членот на УО во рок од три месеци од назначувањето не започне со обработка и ако не превземе ниту една активност односно не достави најмалку едно известување до членовите на Комората во врска со информации од заедничко значење на службата на

извршителите а со цел еднообразна примена на законските прописи или доколку при надзор се утврди дека збирката на заземени ставови не се води или неуредно и неточно се води.

## VII. ОПШТИ АКТИ НА КОМОРАТА

### Член 56

Освен Статутот, други актии на Комората се:

- Кодекс на професионална етика на извршителите;
- Правилник за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка;
- Правилник за формата и содржината на таблата за означување на канцеларијата на извршителот;
- Правилник за систематизација на работни места во стручната служба на Комората
- Програма за континуирана едукација на извршителите, замениците на извршителите и помошниците на извршителите;
- Деловник за работа на Собранието;
- Деловник за работа на Управниот одбор;

- Правилник за работното време на извршителот и Комората на извршители на Република Северна Македонија

-Правилник за спроведување на конкурсот за именување на извршители

-Правилник за работата на Комисијата за континуирана и задолжителна едукација

Други деловници и општи акти потребни за работата на Комората и извршителската дејност.

### Член 57

Актите на Комората мора да бидат во согласност со Уставот на Република Северна Македонија , Законот за извршување и други закони и меѓународните договори ратификувани од Собранието на Република Северна Македонија , како и договори и спогодби кои ги прифатила и одобрила Комората.

### Член 58

Иницијативата за донесување или измена на акти на Комората, може да даде секој извршител член на Комората, Управниот одбор, претседателот на Комората или друг орган на Комората.

Одлука за поведување на постапка донесува Управниот одбор.

По донесувањето одлука за поведување на постапка за изработка на општ акт се формира Комисија за изработка на актот, се определува рок за изработка на актот а потоа се даваат на јавна расправа.

По завршувањето на расправата предлогот на актот се доставува до надлежниот орган на одлучување.

Актот донесен од Собранието на Комората влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување, а денот на стапување во примена се определува со одлуката за донесување на актот.

**Собранието на Комората може да донесе одлука со која конкретен акт ќе стапи на сила и ќе се применува во рок со денот на објавување на актот на веб страната на Комората.**

**Член 59**

Измените и дополнувањата на актите на Комората се вршат по иста постапка и од истиот орган кој што ги донел.

## VIII. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ИЗВРШИТЕЛИТЕ

**Член 60**

Правата и должностите на извршителите се утврдени со законот и другите општи акти на Комората.

**Член 61**

Извршителот работите ги врши како основно и единствено занимање.

Извршителот ги спроведува извршните дејствија независно, самостојно, непристрасно и слободно врз основа на закон.

**Член 62**

Извршителот е должен да ја води својата архива (евиденција) тековно и уредно.

**Член 63**

Извршителот е должен своето работно време да го определи и означи пред влезната врата на канцеларијата во согласност со Правилникот за работно време и истото задолжително да го почитува.

**Член 64**

Извршителот е должен да ги чува и заштитува списите и целокупната архива која произлегува од неговата работа во согласност со закон.

**Член 65**

Извршителот на видно место пред влезната врата на канцеларијата мора да истакне табла која ќе ја означува канцеларијата на извршителот според Правилник кој го предлага УО а го донесува Собранието на Комората.

**Член 66**

Однесувањето на извршителите при на нивната работа, меѓу себе како колеги, како и спрема странките, се регулира со Кодексот за професионалната етика на извршителите.

Непочитување на одредбите од Кодексот за професионалната етика на извршителите претставува дисциплинска повреда.

**Член 67**

Извршителот е должен редовно да ја уплатува членарината. Претседателот на Комората е должен веднаш да иницира постапка со цел присилно извршување против член кој и должи на Комората најмалку три членарини.

**Член 68**

Извршителот е должен да ги почитува одлуките на органите на управувањето на Комората. Непочитување на одлуки на органите на Комората претставува дисциплинска повреда.

## IX. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЗАМЕНИЦИТЕ НА ИЗВРШИТЕЛИТЕ

**Член 69**

Заменик извршител го заменува извршителот кога тој е спречен да спроведува извршни дејствија заради болест, отсуство или привремено одземање на правото за вршење на професијата - суспензија.

Заменикот извршител задолжително се запишува во Именикот на заменици извршители кој го води Комората.

Заменикот е должен да ги почитува одлуките на органите на управувањето на Комората. Непочитување на одлуки на органите на Комората претставува дисциплинска повреда .

Однесувањето на замениците при вршењето на нивната меѓусебе како колеги, како и спрема странките, се регулира со Кодексот за професионалната етика на извршителите.

Непочитување на одредбите од Кодексот за професионалната етика на извршителите и замениците претставува дисциплинска повреда за замениците на извршителите.

**Член 70**

Извршителот може да вработи или ангажира други лица кои своите права ги остваруваат согласно Законот за работни односи.

## X. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ПОМОШНИЦИТЕ НА ИЗВРШИТЕЛИТЕ

Член 71

Помошник на извршител е лице кое во согласност со одредбите на овој закон, му дава помош на извршителот при спроведувањето на извршните дејствија.

При спроведувањето на дејствијата, помошникот на извршителот се легитимира во кое својство настапува. Тој освен своето име и презиме, го наведува и името, презимето и подрачјето за кое е именуван извршителот за кого тој постапува.

Помошникот извршител задолжително мора да биде запишан во Именикот на помошници извршители што се води во Комората.

## XI. ПРИПРАВНИЦИ КАЈ ИЗВРШИТЕЛИТЕ

Член 72

Приправниците кај извршител се дипломирани правници со завршено четири годишно високо образование на правни студии или дипломирани правници со стекнати 300 кредити спред Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС), кои се вработени или извршуваат волонтерски работи во канцеларијата на извршителот.

Приправникот стручно се оспособува , а извршителот е должен да го следи и да го помага неговото стручно оспособување и да го контролира неговото присуство.

Надзорот на стручното оспособување на приправниците кај извршителот го врши Комората.

## XII. ИМЕНИЦИ И ДЕЛОВНИ КНИГИ НА КОМОРАТА

**Член 73**

Комората електронски ги води следните именици:

Именик на извршители;
Именик на заменици на извршители;
Именик на помошници на извршители;
Именик на приправници кај извршители;
Книга за депонирање на отисоци од печати и штембили на извршителите и потпис на извршителот- во писмена форма
Книга за депонирање на отисоци од печати и штембили на замениците на извршителите и потпис на заменикот на извршителот- во писмена форма.
Извршителот, заменикот и помошникот пред да започнат со работа, мора да бидат претходно запишани во соодветиот именик.

Управниот одбор е надлежен за водење на Имениците и Книгите за депонирање на отисоци од печати и штембили на извршителите.

Претседателот на Комората е надлежен за издавање потврди искучиво врз основа на податоците од Имениците и евиденцијата во Комората во рок од 3 дена од денот на прием на барањето за издавање потврда доставено до Комората.

Претседателот е должен да го одбие барањето за потврда поднесено од лица кои не се запишани во соодветен Именик кој се води во Комората во рок од 3 дена од денот на прием на барањето за издавање потврда доставено до Комората.

**Член 74**

Комората ги води следните деловни книги:
- персонални досиеја за извршителите, замениците.
- Регистар на заземените ставови од страна на Собранието на Комората,Управниот одбор и Стручниот совет, за единствена и еднообразна примена на законите, подзаконските акти и актите на Комората;
- други евидентни книги што ќе ги утврди Управниот одбор.

За давање податоци од евиденциите на Комората се грижи Претседателот на Комората и членот на УО одговорен за информации и евиденција на податоци и заземени ставови.

**Член 75**

Начинот на водење, чување и трошоците за имениците и деловните книги на Комората го определува Управниот одбор по предлог на претседателот на Комората.

XIII. СТРУЧНА СЛУЖБА НА КОМОРАТА

**Член 76**

Стручните и помошните административни работи на Комората ги врши стручна служба на Комората.

Делокругот на работите, работните задачи, бројот на вработените, условите за вработување, платите, правата и обврските од работниот однос се утврдуваат и регулираат во согласност со законските прописи и потребите на Комората со посебен Правилник што го донесува Управниот одбор, по предлог на претседателот на Комората.

Вработените во стручната служба на Комората се обврзани да ги чуваат како деловна тајна податоците врзани за работата на Комората, нејзините органи и членовите на Комората за кои добил сознание при вршење на работата. Неовластеното оддавање на податоци кои се деловна тајна односно кои се службена тајна од страна на вработените во стручната служба во Комората претставува кршење на работниот ред и дисциплина на Комората.

**Член 77**

Со работата на Стручната служба раководи Генерален секретар ( во понатамошниот текс секретар) кој го избира Управниот одбор по претходно спроведена постапка по објавен јавен оглас за вработување.

Секретарот ја застапува и претставува Стручната служба и врши други работи утврдени со Правилникот за систематизација на работни места на Стручната служба кој го донесува УО, како и работи со кои ќе го задолжи претседателот на Комората.

Секретарот учествува во работата на органите на Комората и дава свое мислење без право на глас.

## XIV.СРЕДСТВА И ФОНДОВИ НА КОМОРАТА

**Член 78**

Средствата на Комората се обезбедуваат од членарина, коморска уписнина, придонеси на членовите, подароци, донации, оставина на домашни и странски правни и физички лица, помош од други организации и здруженија, како и од сопствени приходи остварени преку објавувањето на свои изданија со која се остваруваат сопствените цели, котизации за учество на семинари во согласност со законот, и пренесените средства врз основа на член 36 став 6 од ЗИ, наплатените парични казни, како и на друг начин.

Со средствата на Комората располагаат органите на управување на Комората, според своите овластувања, а во согласност со законските прописи, актите на Комората и одлуките на органите на Комората. Надзор над начинот со располагање со средствата и фондовите на Комората спроведува Надзорниот одбор на Комората најмалку еднаш годишно.

**Член 79**

Висината на членарината ја одредува Собранието на Комората со своја одлука.

Начинот на плаќање и рокот на плаќање го определува Управниот одбор.

Членарината извршителите се должни редовно да ја уплатуваат на сметката на Комората

Висината на членарината се одредува во зависност од потребните средства за работа на Комората, а во согласност со годишните планови на приходите и расходите.

### Член 80

Комората може да ги основа следните фондови

- Фонд за осигурување на извршителите од штета;
- Солидарен фонд за економска помош на извршителите;
- Фонд за стручна континуирана едукација на извршителите;
- Фонд за помош на лица кои трајно се оспособуваат за самостојно вршење на дејноста.

Покрај наведените Комората може да основа и други фондови по предлог на Претседателот и Управниот одбор на КИРСМ.

Формирањето на други фондови се врши со одлука на Собранието на Комората, по предлог на Управниот одбор и претседателот на Комората.

### Член 81

За состојбата на средствата на Комората се составува периодична и завршна сметка.

Завршната сметка ја подготвува секретарот, ја утврдува Управниот одбор, а ја одобрува Собранието.

## XV. ПОПИС И КНИГОВОДСТВО

### Член 82

Пописот на основните средства и целокупниот инвентар се врши во согласност со закон.

Пописот го споведува комисија составена од секретарот на комората и два члена на Управниот одбор овластени од страна на претседателот на Комората за спроведување на годишен попис на основните средства и инвентарот.

### Член 83

Пописот започнува и завршува пред истекот на календарската година.

Сите пописни листи ги потпишуваат членовите на комисијата.

Материјалите од пописите се предаваат на Претседателот на Комората.

Примерок од материјалите од пописот задолжително се доставува до претседателот на Надзорниот одбор на Комората најдоцна во рок од 3 дена по завршување на пописот.

### Член 84

Книговодството Комората го води во согласност со законските прописи.

## XVI. ПРИЗНАНИЈА

**Член 85**

Признанија можат да се доделат на извршители, физички и правни лица.

Свечени признанија кои ги доделува Комората се:

- Плакета за успешно извршување на професијата извршител;

- Плакета за особени заслуги;
- Благодарница;
- Признание за успешна соработка.

**Член 86**

Плакета за успешно извршување на професијата се доделува на извршител кој со својата работа дал придонес во подигнувањето на угледот на Комората на извршителите.

**Член 87**

Плакета за особени заслуги се доделува на физичко или правно лице кое не е член на Комората, за особени заслуги во развојот и унапредувањето на професијата извршител.

**Член 88**

Благодарница им се доделува на извршители, физички и правни лица кои имаат особен придонес за развојот на професијата извршител.

**Член 89**

Признание за успешна соработка им се доделува на државни органи, банки, јавни претпријати и други субјекти кои дале особен придонес во развојот, зајакнувањето и унапредувањето на Комората.

**Член 90**

Плакета за особени заслуги доделува Собранието по предлог на Управниот одбор.

Плакета за успешно извршување на професијата извршител, Благодарница и Признание за успешна соработка доделува Управниот одбор на предлог на Претседателот на Комората.

## XVII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 91**

Овој Статут влегува во сила осмиот ден од денот на негово објавување на веб страната на Комората а ќе започне со примена со денот на примена на Законот за извршување (Службен весник на РМ бр. 72 од 12.04.2016 година).

Комора на извршители
на Република Северна Македонија
Претседател,
Зоран Димов